# Заштита на личните податоци

## Контролор

Личните податоци се обработуваат од страна на Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје („Штедилница" или „Контролор") во согласност со Законот за заштита на лични податоци (Сл. Весник на РСМ бр.42/2020) за заштита на физички лица во однос на обработката на лични податоци од Контролорот и за пренос на такви податоци до релевантни институции.

Контакт со Контролорот на: info@fulm.com.mk

Контакт со лице овластено за заштита на лични податоци на: jovankat@fulm.com.mk

## Извори и податоци кои ги користи Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје

Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје ги обработува личните податоци што ги добива директно од Вас (како субјекти на личните податоци) при воспоставување или во текот на деловниот однос со Вас. Обработката на лични податоци е во обем потребен за обезбедување на нашите услуги, и таа ги вклучува и податоците од јавно достапни извори податоци (на пр. трговски регистар, кредитни регистри, и сл.).

Личните податоци се состојат од име и презиме, адреса, ЕМБГ, и други лични податоци на субјектот на лични податоци содржани во апликацијата за клиент (физичко лице) потребни за исполнување на целта. Овие податоци може да се пополнат со дополнителни информации собрани преку алатките за истражување и базите на податоци.

## Цел

Личните податоци коишто се наведени ќе бидат собрани со цел:

- Исполнување на договор во којшто субјектот на лични податоци е договорна страна или за да се преземат активности на барање на субјектот на лични податоци;
- идентификување и следење на потенцијалните ризици за Штедилницата од трансакција на којашто Штедилницата има преземено обврска, вклучувајќи го и ризикот од даночна измама;
- идентификување на пошироки ризици за репутација поврзани со трансакцијата или поврзани членови на субјектот на лични податоци; и
- спроведување на анализа на клиентот во согласност со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

## Корисници на податоци

Гореспоменатите лични податоци ќе бидат обработени од соодветни служби на Штедилницата и можат да бидат споделени со Народната банка на Република Северна Македонија, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот девизен инспекторат,

Царинската управа, Фондот за осигурување на депозити, Агенцијата за управување со одземен имот, нотар, а во согласност со соодветни барања доставени од овие институции за извршување за работи и водење на постапки кои се во рамките на нивните надлежности во согласност со закон. Личните податоци може да се пренесат на корисниците со соодветни заштитни мерки.

## Обработувачи

Во процес на наплата, Штедилницата може да ги пренесе личните податоци кои ќе бидат потребни на Агенција за наплата, адвокат со кој Штедилницата има деловна соработка, и извршител. Личните податоци може да се пренесат на обработувачи со соодветни заштитни мерки.

## Период на задржување на податоците

Штедилницата ги обработува и чува Вашите лични податоци до исполнување на целта за која се прибрани односно исполнување на договорните и законски обврски. Периодот на чување на личните податоци зависи од основата и целта на обработката на поединечна категорија на лични податоци. За податоците собрани со цел исполнување на договор во којшто субјектот на лични податоци е договорна страна или за да се преземат активности на барање на субјектот на лични податоци, периодот за задржување на податоците е десет години по завршувањето на деловниот однос со субјектот на личните податоци и една година по одбивање на барањето за кредит на субјектот на лични податоци.

## Пренос на личните податоци во други земји или меѓународни организации

Штедилницата може да ги пренесе Вашите лични податоци во други земји или меѓународни организации единствено доколку услугата или продуктот кој што го користите е дел од програма или проект за соработка кој што Штедилницата го има склучено со друга земја или меѓународна организација. За истото ќе бидете навремено информирани пред да ни ги дадете податоците и истите ќе бидат прибрани, чувани и пренесени согласно закон.

## Права на Субјектот на лични податоци

- Од Штедилницата имате право да добиете потврда за тоа дали се обработуваат или не се обработуваат лични податоци што се однесуваат на Вас и доколку тоа е случај, пристапете до Вашите лични податоци преку разговор со контролорот ( info@fulm.com.mk ) и ќе добиете одговор без непотребно одложување (право на пристап);
- од Штедилницата имате право да добиете, без непотребно одложување, исправки на какви било неточни лични податоци што се однесуваат на Вас (право на исправка). Штедилницата може да ја ограничи примената на Вашето право на пристап и исправки, доколку таквото ограничување е можно да претставува неопходна мерка за заштита вклучувајќи ги и не ограничувајќи ги:
    - спречувањето, истрагата, откривањето и гонењето на кривични дела
    - заштита на субјектот на податоците или на правата и слободите на другите.

- Вие имате право од Штедилницата да добиете бришење на Вашите лични податоци, доколку веќе не се потребни во однос на целите за кои се собрани и за кои рокот за чување е истечен (право на бришење);
- имате право да побарате од Штедилницата ограничување на обработката кога (1) ја оспорувате точноста на Вашите лични податоци; (2) кога обработката е незаконска; (3) кога на Штедилницата повеќе не ѝ требаат лични податоци за целите на обработката; или (4) кога сте се спротиставиле на обработката во очекување на проверка дали легитимните основи на Штедилницата го надминуваат вашиот (право на ограничување на обработката);
- имате право на приговор врз основа на посебна состојба кога обработката на лични податоци е незаконска;
- имате право да ги примите Вашите лични податоци од Штедилницата во структуриран, најчесто користен и машински читлив формат и да ги пренесете тие податоци на друг контролор без пречки од Штедилницата (право на преносливост на податоците);
- имате право да поднесете жалба до Агенцијата за заштита на лични податоци (https://dzlp.mk ) во секое време (право да се поднесе жалба).

## Дали имате обврска да ги обезбедите Вашите податоци на Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје?

Во рамките на нашиот деловен однос, мора да ни обезбедите лични податоци кои се неопходни за воспоставување и водење на деловниот однос и исполнување на останати договорни обврски односно други информации кои сме законски обврзани да ги добиеме. Без овие податоци, можеби нема да бидеме во можност да ги извршуваме нашите договорни обврски и од тие причини може да не сме во можност да го воспоставиме или продолжиме деловниот однос со Вас.